## ANTI POVERTY MAG

# Antipoverty

Magazine of the European Poverty Network

No. 138 I 2013
I, 2013
www.eapn.eu




**ФОНДОТ НА ЕАПН - Дава надеж за иднината**
**Row4Rights – Добра цел и извонреден предизвик**
**Фондот на ЕАПН подава рака на ЕАПН Холандија и ЕАПН Унгарија**
**Интервју со Хју Фрејзер – Претседавач на Управувачкиот комитет на Фондот**

**„Поддржувајќи го ЕАПН е значаен начин нешто да се промени“**



**ФОНДОТ НА ЕАПН – Дава надеж за иднината**

од Серџо Аирес, Претседател на ЕАПН

Како наследство на 2010-та – Европската година за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост, ЕАПН започна со ЕАПН Фондот во склоп на Фондацијата King Baudouin. Тоа беше лесниот дел. Развивање и имплементирање на ефикасна стратегија за собирање средства што ќе се влеваат во Фондот е поголемиот предизвик.

Фондот функционира така што распределува дотации во тековната година од средствата собрани во претходната. Така 2012 година беше првата целосна година на делување на Фондот.

Клучна за собирање финансиски средства за Фондот беше иницијативата *Row4Rights*. Иако *Row4Rights* е големо спортско достигнување, јасно е дека истовремено беше и забавен настан. Ние знаеме и признаваме дека значителни напори се направени од страна на веслачките екипи за да ја постигнат целта на собирање средства. Настанот не можеше да се случи без талентот на организаторскиот тим и посветените волонтери. Им заблагодарувам на сите учесници за нивната огромна добра волја и великодушност.

Ова издание на Магазинот кажува како се инвестирани собраните средства. Оно го поддржува учеството на луѓе кои ја искусиле сиромаштијата и нивните организации; создава можности за развој на поединците и заедниците; а поддршката од Фондот делуваше и како потпора за пристап кон други важни извори на финансирање.

Во ова време на „криза„ и „мерки на штедење“, мрежите на организации што се борат против сиромаштијата и застапуваат сиромашни, како што се ЕАПН и нејзините членки на сите нивоа, мораат повеќе од кога и да е да се слушнат и да се сфатат сериозно. Собирањето средства е важна стратегија за напредување во различни подрачја на акција, но никако не може да ја замени потребата за јавно финансирање на НВО-ата што се борат против сиромаштија. Сиромаштијата е јавно прашање и треба да се решава со инвестирање на јавни пари.  Сепак мора да признаеме дека финансирањето со натпревари (и со тоа стратегиите на финансирање) може да имаат значаен придонес за посилен и понезависен глас на овие организации. Се надевам дека, од скромните но важни почетоци за кои ќе прочитате тука, Фондот на ЕАПН ќе поддржи многу акции во борбата за социјална Европа во која нема сиромаштија.

## СОДРЖИНА


1. Започнување на Фондот на ЕАПН – Поддршка за долгорочната одржливост на ЕАПН
2. Интервју со Хју Фрејзер, Претседавач на Управувачкиот комитет на фондот на ЕАПН
3. *Row4Rights* – Добра цел и извонреден предизвик
4. ЕАПН Унгарија и проектот Мрежа за вклучување во животот на возрасните - Зајакнување и активација на млади луѓе кои се наоѓаат во незавидна положба
5. ЕАПН Холандија: нов почеток
6. Ненасилна акција и моќ на „дисциплинирано пешачење“ за да се поттикне социјална промена
7. Наградата на ЕАПН за транснационална инспирација и учење




## Започнување на Фондот на ЕАПН – Поддршка за долгорочна одржливост на ЕАПН

Во 2010 година, Европската година за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост, Европската мрежа за борба против сиромаштијата (ЕАПН) ја славеше својата 20-годишница. Фондот на ЕАПН започна тогаш како важно наследство на таа година. Фондот, управуван од Фондацијата *King Baudouin*, е дополнително средство за поддршка на борбата за социјална Европа, во која нема сиромаштија и социјална исклученост. За ЕАПН, постои итна потреба за поддршка на застапувањето и улогата на давање глас на НВО-ата што се борат против сиромаштија и осигурување дека тие ќе бидат слушнати, како и да се поддржи учеството на луѓе

кои искусиле сиромаштија во процесите на донесување одлуки, кои имаат влијание на нивните животи и на заедниците во кои живеат.

***Што е ЕАПН?***

ЕАПН е мрежа на независни НВО-а (национални мрежи и европски организации) што работат за демократска и социјална Европа, во која нема сиромаштија и социјална исклученост. Нашите членови се посветени на јакнење на луѓето кои живеат во сиромаштја и социјална исклученост. И додека нашите членови индивидуално работат со луѓето и за луѓето кои живеат во сиромаштија на најразлични начини: нудејќи услуги, обуки и можности за образование, итна поддршка, заедници на самопомош, социјално претприемништво итн., заедно се трудиме да обезбедиме дека политиките и програмите на ЕУ придонесуваат кон борбата против сиромаштијата и кон општества со поголема еднаквост.

***Собирање средства за Фондот на ЕАПН – Градење на заедници на поддршка***

ЕАПН продолжува да верува, дека во здравите демократии јавната власт треба да пружи финансиска поддршка на оние што живеат во сиромаштија, исклученост и нееднаквост, за да на еднаква нога учествуваат во демократските процеси. ЕАПН ќе продолжи да се залага за овој пристап на ниво на ЕУ и на националните нивоа. Сепак, ЕАПН исто така препознава дека во изминативе 10 години, посебно на национално ниво, има пад во финансиската поддршка за застапничките НВО-а и дека покрај фините зборови просторот за граѓански дијалог во повеќето ЕУ земји опадна. Поради оваа и други причини ЕАПН ја утврди потребата за проширување на своите извори на финансирање и да има база на финансирање вкоренета во поддршката на граѓанското општество. Ова го доведе ЕАПН до тоа да развие своја стратегија на собирање средства.

Оваа стратегија на собирање средства се темели на 3 компоненти: пристап до индивидуални донатори, пристап до големи донатори и организирање настани за собирање средства. Во овој прв период на развивање на стратегија на собирање средства, настанот *Row4Rights* (види ја статијата) беше еден од најразвиените аспекти на стратегијата. Во периодот што следи, ЕАПН ќе ги развие сите три аспекти на стратегијата.

***Досега наученото...***

Многу работа останува да се направи за да се изгради и вклучи растечката заедница на активисти донатори во нашата заедничка борба за социјална Европа, во која нема сиромаштија и социјална исклученост. Сепак, ЕАПН научи многу лекции откога се впушти во оваа авантура на собирање средства и управување со Фондот на ЕАПН. Тоа му помогна на ЕАПН да развие подиректен и поконкретен пристап на комуникација и да научи да се концентрира на постигнувањата на мрежата.

***Клучни успеси на ЕАПН на ниво на ЕУ***

- Поврзување на НВО-ата што се борат против сиромаштија од земјите членки во динамична европска мрежа во 30 земји и истакнување на знаењето и стручноста на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост и вредноста на нивното директно учество.
- Подигање на свеста и постигнување широка распространетост на информации и анализи за прашањата на сиромаштија и социјалната исклученост во ЕУ.
- Придонес кон новите прилози на договорите на ЕУ за јакнење на соработката во ЕУ во борбата против сиромаштијата и дискриминацијата (прилог 13, 136 и 137 од Амстердамскиот договор, прилози 3 и 11 од договорот на ЕУ и прилози 9, 14 од договорот за функционирањето на ЕУ).
- Разој на ЕУ Стратегијата за вклучување (стратегија прифатена на Лисабонскиот Совет во 2000 година и социјалните показатели договорени на Советот во Ликен 2001 година).
- Усвојување на Препораките на ЕУ за активната вклученост (2008), кои бараат земјите членки да ги решат прашањата на примерени шеми на минимални примања, пристапот до основните услуги и да обезбедат патишта за вклучување на пазарот на трудот.
- Усвојувањето и следењето на Принципот на партнерство (вклучување на НВО-ата во планирањето и распределувањето на Структурните фондови) и кампањата за зголемено учество во Структурните фондови за социјално вклучување како дел од Европската финансиска рамка 2014-2020 година.
- Именување на 2010 година како година на борба против сиромаштијата и социјалната исклученост и во таа година усвојување на Стратегијата Европа 2020. Оваа стратегија ја вклучи европската цел на намалување на сиромаштијата како една од своите 5 клучни цели, ги зајакна социјалните насоки за имплементација на стратегијата, усвојување на Европската платформа против сиромаштијата и потребата да се вклучат НВО-ата во развојот на Националните програми на реформа како дел од стратегијата.
- ЕАПН повика на општествено вложување за конечен излез од сегашната криза. Дури и во овие „штедливи“ времиња, барањата на ЕАПН се видливи во пакетот на социјални инвестиции на Комисијата (2013), вклучувајќи го барањето за имплементација на сите столбови на интегрираната Препорака на активна вклученост, усвојување на Препораката за борба против сиромаштијата кај децата и Предлозите за обновени напори за борба против бездомништвото.
- Кампањата на ЕАПН за пристап кон примерените минимални примања придонесе за зачувување на прашањето во националните и агендите на ЕУ и доби поддршка за оквирна директива на ЕУ од страна на Европскиот Парламент, Регионалниот Комитет и Европскиот Комитет за економија и социјала.

| Преглед на Фондот на ЕАПН за 2012 година | | |
|---|---|---|
| Средствата собрани во било која година се трошат во наредната. Се очекува да се насоберат мали резерви секоја година за да се обезбеди долгорочна одржливост на Фондот. | | |
| Оригинални донации | | 50.000 |
| Индивидуални донации | | 3.020 |
| Row4Rights | | 25.000 |
| Капитал достапен на почетокот на 2012 | | 78.020 |
| ЕАПН Холандија | 10.000 | |

| | | |
|---|---|---|
| ЕАПН Унгарија (заем) | 10.000 | |
| Настанот Фиренца 10+10 | 1.500 | |
| Екта Паришад | 1.000 | |
| Поддршка за студиска посета | 3.000 | |
| ЕАПН награда | 5.000 | |
| Целокупни средства доделени | 30.500 | |

***Акции поддржани од ЕАПН во 2012 година***

- Повторно основање на холандската национална мрежа на ЕАПН.
- Поддршка на ЕАПН Унгарија за нивниот проект „АЛЕН“ за зајакнување и активација на младите луѓе во неразвиените делови на Унгарија, Австрија, Србија и Хрватска.
- Солидарна поддршка на индиската организација *Екта Паришад*, организатор на маршот на безземјашите (луѓето што не се во посед на парче земја), што мобилизираше неверојатен број луѓе и постигна импресивни резултати.
- Учество на двајца активисти со директно искуство на сиромаштија на еднонеделна студиска посета во Индија, организирана од *Dignity International* и која вклучуваше средби со активистите на *Екта Паришад*, учејќи од заедниците на безземјашите за нивното водство и ангажман во ова гандиско движење.
- Поддршка на настанот *Фиренца 10+10*, организиран од голем сојуз на отприлика 300 мрежи и организации, кои градат алтернативни пораки за Европа на солидарноста.
- Поддршка на Н*аградата на ЕАПН за транснационална инспирација и учење* во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост.




***Ангажманот на ЕАПН во Фиренца 10+10***

Во согласност со една од стратешките цели на „ангажирање и придонес кон сојузништвата за алтернативни модели на социјален и одржлив развој, кои ги ставаат човекот и планетата на прво место“, ЕАПН инвестираше време и ресурси во градење и поддршка на сојузништва за социјален и одржлив излез од кризата, а во одбрана на демократијата во Европа. Меѓу овие сојузништва, настанот *Фиренца 10+10* беше голем европски конгрес на синдикатите, социјалните движења и НВО-ата. Проценувајќи ги 10-те години од првиот Европски социјален форум, одржан во Фиренца, настанот 10+10 има за цел да изнајде начин како да поттикне поголема и подобра соработка идните 10 години.

Од 8-ми до 11-ти ноември, околу 4000 луѓе се собраа во Фиренца, организирајќи и учествувајќи во бројните активности, работилници, интерактивни семинари, седници, демонстрации итн. Независно од финансиската поддршка од 1,500 € што Фондот на ЕАПН ја даде за *Фиренца 10+10*,

ЕАПН организираше  и работилница посветена на социјалната заштита, заедно со *Global Social Justice*, *Social Watch Italy* и *Euro Marches*.

Повеќе информации за сојузништвото: (EN/FR/IT): www.firenze1010.eu
Фејсбук страница: www.facebook.com/pages/Firenze-1010/138295942979261?fref=ts

**Фондацијата King Baudouin**

- Нуди филантропски совети и помага во основањето фондови започнати од поединци, семејства, здруженија, компании или групи на лица. *Фондацијата King Baudouin* во моментов управува со повеќе од 450 фондови. За да дознаете повеќе за основањето фондови,посетете ја страницата: http://www.kbs-frb.be/content.aspx?id=291277&langtype=1033;
- *Transnational Giving Europe*, чиј дел е и *Фондацијата King Baudouin*, е мрежа активна во 14 земји, олеснувајќи ги прекуграничните донации. За да дознаете повеќе за овие олеснувања, контактирајте ја Фондацијата или посетете ја страницата: www.transnationalgiving.eu
- Фондацијата ја започна www.givingeurope.org – интерактивна прекугранична он-лајн база на податоци која ги информира донаторите, посредниците и корисниците на бенефиции за законските и сметководствените аспекти на прекуграничните филантропски трансакции и со тоа, за да можат да имаат предвид во која земја донаторот има живеалиште, а во која земја се сместени средствата.





## ИНТЕРВЈУ СО ХЈУ ФРЕЈЗЕР, Претседавач на Управувачкиот комитет на Фондот на ЕАПН

*„Мислам дека одговорната филантропија сега препознава дека само лепењето фластери на проблемите без пробување да се справи со нивните причинители, е всушност оснажување на проблемите.“*

Хју Фрејзер е поранешен директор на *Northern Ireland Voluntary Trust* и на *Irish Government's Combat Poverty Agency.* Во моментов тој е придружен професор на *NUI Maynooth* и е еден од здружените координатори на *Мрежата на независни експерти за социјална вклученост при Европската Комисија*. Како претседавач на Управувачкиот комитет на Фондот на ЕАПН, овде ни нуди објаснување зошто се зафатил со овој задаток, како и негово видување и искуство на собирање средства за застапничката работа за сиромаштијата и социјалната исклученост.

***ЕАПН: Зошто ја преземавте задачата да бидете претседавач на управувачкиот комитет на Фондот на ЕАПН?***

Секогаш ѝ се восхитував на важната улога што ЕАПН ја игра на европски и национален план со залагањето за крај на сиромаштијата и социјалната исклученост. Се почувсвував почестен кога ме поканија да бидам претседавач на Управувачиот комитет на Фондот на ЕАПН. Ако сакаме да напредуваме кон поправедно и поеднакво општество, важно е да им се даде сила на оние кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост и да обезбедиме дека нивните гласови се слушаат и земаат предвид кога се којат и имплементираат мерки што се однесуваат на нив. ЕАПН игра значајна улога во осигурувањето дека овие работи се остваруваат и дека може да собере што повеќе средства за таа цел. Независно од моето восхитување за работата на ЕАПН, во прифаќањето на оваа улога се надевам дека ќе придонесам со некое важно искуство и од мојата работа во врска со сиромаштијата и социјалната исклученост на европско, национално и локално ниво, како и од моите искуства за фондациите од времето кога бев директор на фондацијата, онаа на *Northern Ireland Voluntary Trust* (сега *Community Foundation for Northern Ireland*).

***ЕАПН: Постојат ли некои предизвици во собирањето средства за застапничка работа за сиромаштијата и социјалната исклученост? Дали на некој начин на нив влијаела историската еволуција на добротворството и филантропијата?***

Мислам дека отсекогаш било полесно да се соберат пари за директни активности, за кои ќе се види дека имаат директно влијание на задоволувањето на некоја поединечна потреба или на олеснувањето среде некоја криза. Тоа е поради природната човечка сомилост за луѓето во нужда. Сепак, тоа е така и поради тоа што на оние на власт често им одговарало да ја третираат сиромаштијата и социјалната исклученост или како резултат на лоша среќа или како неуспех или слабост на погодените луѓе и да го игнорираат или преусмерат вниманието од темелните структурални причинители на сиромаштијата и социјалната исклученост. Меѓутоа, мислам дека постои голема свест дека добротворството и филантропијата треба да се зафатат со причинителите на сиромаштијата и социјалната исклученост, а и да ги олеснат симптомите. Навистина, мислам дека одговорната филантропија сега препознава, дека само ставањето

фластери на проблемите без пробување да ги промени нивните причинители, е всушност оснажување на проблемот.

***ЕАПН: Од Ваше искуство, колку е тешко да се собираат средства за застапнички мрежи каква што е ЕАПН?***

Несомнено е потешко да се собираат средства за застапнички мрежи кава што е ЕАПН, отколку за други цели. Тоа е така затоа што е непосредно помалку видливо и вклучува подигање на свеста и разбирањето. Мора да им објасните на потенцијалните донатори зошто е важно не само да се олесни проблемот, туку и да се работи на промена и зошто гласот на оние кои живеат во сиромаштија и социјална исклученост мора да биде дел од процесот. Така мора да ги образувате луѓето за темата и да се повикате на нивното интелектуално и политичко разбирање, а не само на нивната емотивна сочувствителност. Тоа бара време и напор, но може да успее.

***ЕАПН: Дали сликата на собирање средства се разликува од една до друга земја членка на ЕУ? Мислите ли дека постои потенцијален голем донатор заинтересиран да го поддржи Фондот на ЕАПН?***

Мислам дека мора да се земат предвид различните политички и културни средини во земјите на ЕУ и различните нивоа на развиеност на државата на благосостојба. Што се однесува до големите донатори, од мое искуство, од моето време во *Northern Ireland Voluntary Trust,* мора многу да се работи за да се пронајдат и да се придобијат за Вашата цел. Многу ретко се случува тоа спонтано. Тоа вклучува градење контакти, стрпливо еден по друг долго време. Луѓето мора да се убедени дека она што го правите е важно и дека ќе направи значајна промена во човечките животи. Мислам дека многумина големи донатори сакаат нивните донации да направат значајно и трајно влијание на менувањето на нештата на подобро и на решавањето на проблемите. Тоа значи дека треба да се убедени дека поддршката за ЕАПН е важен начин за менување на политиките, што ќе води кон крај на сиромаштијата и социјалната исклученост. Иако нема да биде лесно, сигурен сум дека постојат луѓе со значајно богатство, кои се разочарани од постоењето на сиромаштијата и социјалната исклученост и кои ги делат истите ставови со ЕАПН за градење на поправедни и повклучителни општества и кои ќе бидат инспирирани од напорите на ЕАПН да се постигне таа цел.

***ЕАПН: Мислите ли дека собирањето средства/донирањето ќе стане облик на активизам во иднина?***

Мислам дека собирањето средства/донирањето како облик на активизам е многу важен концепт, што во иднина ќе расте. Сигурен сум дека има многу луѓе кои, поради разни обврски со работата и со семејството, немаат време да бидат активисти, но кои сакаат да го поддржат активизмот и да бидат партнери во напорите за изградба на подобро општество. За нив, донирањето за напредни цели може да биде конструктивен начин на помагање за промени. Би сакал да мислам дека искуството од сегашнава економска криза освести голем број луѓе за потребата да се поддржат напорите за развивање на нов економски и социјален модел, темелен на принципот на еднаквост, еколошка одржливост, одговорност, учество и солидарност. Предизвикот за Фондот на ЕАПН е тие да се убедат дека поддржувањето на Фондот е најдобриот начин за постигање на таа цел.

# ROW4RIGHTS – ДОБРА ЦЕЛ И ИЗВОНРЕДЕН ПРЕДИЗВИК

Од Финтан Фарел, директор на ЕАПН

**„*Добра цел и извонреден предизвик*", како што тоа го дефинираше веслачката екипа Ријнланд. *Row4Rights* не може подобро да се опише. Со цел да соберат средства за одбрана на човечките и социјалните права, *Row4Rights* е истовремено и уникатен спортски предизвик, како и животно искуство за сите луѓе кои учествуваат во авантурата, веслачите и волонтерите...!**
*Row4Rights* е еден од најголемите веслачки предизвици во Европа. Започнува во Австрија и завршува после скоро 400 км подолу во главниот град на Унгарија, Будимпешта. Овој настан ги води веслачките екипи низ неверојатни предели и три импресивни европски главни градови.

*Row4Rights* е првиот напор на Европската мрежа за борба против сиромаштијата (ЕАПН) да организира спонзорски настан за собирање средства за поддршка на неговата работа. Инспирацијата за овој настан дојде од Марије Корнелисен, холандски член на Европскиот Парламент, а самиот настан не ќе можеше да се случи без поддршката на холандскиот управувачки тим за настани, *Event Academy*.

Тоа е настан што го доживувате како екипа. Обично, секоја екипа се состои од 7 луѓе, 4 веслачи, 1 кормилар и 2 придружници. И додека веслачите и кормиларот се борат со најголемата река во Европската Унија, придружниците обезбедуваат поддршка на обалата. Членовите на екипата се менуваат, така што секој има прилика да ја почувствува реката и да ги доживее крајолиците од обете страни.

*Row4Rights* за прв пат се одржа во 2011 година и се повтори во 2012-тата. Во 2011-тата сите екипи беа од Холандија. Во 2012 година им се придружија екипи од Франција, Швајцарија и Германија и веслачи од Исланд и Австралија. Средствата од трката во 2011 година беа поделени со *Амнести Словачка*. Третото издание се очекува во 2014 година.

***Седум дена веслање по Дунав***

*Row4Rights* е двоен предизвик. Веслачите влегуваат во оваа авантура за лично искуство и спортски предизвик. А и повеќе од тоа, изведбата на екипите на Дунав им помага и на други, така што тоа му дава на *Row4Rights* предизвик повеќе. Независно од влегувањето во форма на екипите, членовите на екипите издвојуваат време да соберат средства за да ја поддржат работата на организациите што имаат корист од собраните пари (преку 80.000 € до денес).

> *Само што ќе седнеш во чамецот, веќе не мислиш на болката во грбот, туку само на финишот во Будимпешта. Завршниот степен има дупло значење: после Ештергон се менува крајоликот. Глетката е посурова и кулминира со бајковитата Будимпешта. Кога ќе влезеш во историското средиште на главниот град на Унгарија, те заплиснува ентузијазам и навивање од обалите на реката од луѓето кои работат за организациите. Време за забава! Успеа!*
> Џанго Агтерберг, веслач и репортер, Row4Rights 2012



*Денес долга етапа, од Дирнштајн до Клостернојбург, преку 70 км. Наутро најдолгата етапа, со која треба да ја поминеме првата кривина. Застанавме за ручек во марината. Дел од екипата се смени, за последната етапа од 25 км, со која ја поминавме втората кривина. Многу импресивно, овие големи кривини. Во пет часот, стигнавме во веслачкиот клуб и во шест и пол бевме кај кампот. Сега, во единаесет, автобусоот е спремен за утре и алармот е наместен за 5.45 часот. Утре ќе минеме низ Виена, а временската прогноза вели дека утре ќе биде уште пожешко од денес (35 степени).*

Тим Хузеблоу на Дунав,

*Толку многу локации! Дунав дава извонредна прилика да се види Централна Европа на начин на којшто порано не сум можел да ја доживеам. Земајќи ја природата на работа на ЕАПН, уникатноста на веслачката иницијатива и неуморните напори на организаторите, бев во можност да видам и престојувам на места кои инаку не би бил во можност да ги видам. Имаше многу крајолици, меѓу кои и ридовите со виногради во Австрија, заштитени како наследство од УНЕСКО, замокот во Словачкиот главен град или далечните полиња осветлени само од ѕвездите на небото. Како волонтер, требаше да извршам многу задачи и обврски. Најпозитивен аспект сепак беа луѓето со кои бев окружен: проактивни, мотивирани, пријателски расположени и полни со поддршка, навистина имав чувство дека сум дел од еден тим. Отидов исполнет со енергија, со прегршт искуства (и давајќи поддршка и опуштајќи се со екипата) и мноштво среќни моменти. Бидејќи не сум веслач, благодарен сум што бев вклучен и учествував.*

Џони МекХју, од Велика Британија, волонтер во 2012 година

Во име на целата Европска мрежа за борба против сиромаштијата, Финтан Фарел, директорот, ја изразува својата благодарност до сите учесници во авантурата: „ЕАПН е неверојатно благодарна на сите луѓе и фирми, кои ги спонзорираа екипите. Како и финансиската поддршка, ова посветеност дава голема морална поддршка за продолжување на работата на организациите, кои го чинат членството на ЕАПН.“

***Волонтерите го вложија своето срце за Row4Rights***

*Row4Rights* не можеше да се случи без поддршката на волонтерите. Околу 25 волонтери минаа една недела припреми, за да обезбедат настанот да биде извонредно искуство за веслачите. Од рано утро до касно навечер волонтерите работеа на тоа кампoвите за секој стадиум на патувањето да бидат подготвени, храната да е на маса, пликовите да се санираат и извици на добредојде да ги поздравуваат веслачите кога пристигнуваат на крајот на долгиот ден веслање. Како што изминува неделата и се наsира крајот, се развива атмосфера на прослава и волонтерите се спремни да го предводат танцот.





## ЕАПН Унгарија и проектот на мрежата *Влез во возрасен живот*
### Зајакнување и активација на младите луѓе во незавидна положба

Интервју со Изабела Мартон, ЕАПН Унгарија

ЕАПН Унгарија имаше корист од поддршката на Фондот на ЕАПН за проектот АЛЕН (Adult Life Entry Network) за јакнење и активација на млади луѓе во незавидна положба. Проектот имаше за цел да ја подобри ситуацијата на младите луѓе јакнејќи ги нивните способности да се справат со сопствениот живот и да станат активни граѓани, преку развивање и тестирање на општествено иновативни пристапи и меѓусебна размена на наученото. Изабела Мартон, директор на ЕАПН Унгарија и менаџер на проектот ни кажува повеќе за овој конструктивен проект.

***ЕАПН: Како започна проектот и со која цел?***
Во партнерство со севкупно 15 организации (НВО-а, владини и академски институции), унгарската мрежа за борба против сиромаштијата поднесе успешна апликација на проект за експерименталниот проект на Европската Комисија во 2010 година. Имплементацијата на проектот наречен *Adult Life Entry Network – Empowerment and activation of young people in disadvantaged situations* (АЛЕН), започна на 1 октомври 2011 година.

Целта на проектот е да се применат и тестираат одредени методи усмерени кон учество и социјална вклученост на младите без можности во 4 земји партнери (Австрија, Унгарија, Србија и Хрватска), да се оценат резултатите и да се формулираат предлози на политики на основа на искуствата од проектот.

***ЕАПН: За која бројка на млади луѓе зборуваме?***
Партнерите работат со 50 млади луѓе, кои доаѓаат од различни социјални средини, но кои се соочуваат со слична тешка исклученост и безизлезност (сиромаштија, расизам, лоши услови на живеење, невработеност, рано откажување од училиште, недостаток на социјална умреженост итн.).

***ЕАПН: Кои работни методи беа применети?***
Земајќи ги предвид повеќесложните неповолности со кои овие млади се соочуваат, применивме сложен пристап за да понудиме поддршка, помош, развој, во согласност со нивните потреби и средства. Иако и младите со кои работевме и приликите во различни земји се поинакви, се водевме со критериумот на „ситуација на неповолност“ и усвоивме заеднички пакет на методи за интервенција. Овие методи вклучуваа индивидуално

менторство темелено на плановите за индивидуален развој; групни активности и активности во заедницата и користењето на т.н. креативни методи, како што е форум-театар методата.

***ЕАПН: Во што се состоеја плановите на индивидуален развој?***

Изработивме индивидуални планови на развој темелени на сеопфатна проценка на почетокот, на кој менторите и младите луѓе ги идентификуваа најважните подрачја за индивидуален развој и ги поставија целите што треба да се достигнат.[1] Овие индивидуални менторства вклучуваа различни видови на стручност: онаа на професионалните ментори, на членовите на локалните заедници кои никогаш не работеле нешто слично, и на оние наречени модел-асистенти, кои и самите искусиле такви животни ситуации како и луѓето под менторство.

Покрај индивидуалниот развој, проектот се фокусираше на активностите на групата и на заедницата. Голем спектар на овие активности беа имплементирани, од обуки до групни дискусии и активности во слободно време (нпр. заедничко рибарење, планинарење). Станувајќи и делувајќи како член на групата се подобрија социјализирачките способности и овие групи сега претставуваат многу значаен ресурс и заедница за младите.

***ЕАПН: Креативноста има голем удел во проектот – можете ли да ни кажете за некои конкретни примери во тој поглед и кои методи се применети?***

Креативноста и учествувањето во креативни активности помага во совладувањето на комуникацијата и другите потешкотии. Дава позитивни искуства и ја зголемува самопочитта на луѓето. Ние користиме неколку методи, негувајќи ја човечката креативност и овие методи се значаен дел од проектот. Еден од нив е форум-театарот, кој во голема мерка се употребува во Австрија и Унгарија. Претставите на форум-театарот се направени во серија на работилници заедно со младите и се изведени многу пати за различни публики. Претставите тогаш се користат како можност да се створи дијалог меѓу младите луѓе кои играат улоги (актери во претставата) и оние со политичка одговорност или пружачи на услуги (публиката) со намера за подобрување на начинот на кој се даваат услугите. Други методи, како што е правењето филмови, се користат во Србија и Хрватска.

---

[1] Поставени беа лесни цели, како „приближување кон образованието“, што значи напр. да се натераат младите барем да земат предвид враќање во училиште или преземање чекори за враќање во училиште. Не поставувавме такви цели како „пронаоѓање работа“, што е вообичаено барање во повеќето проекти, но сосема нереалистично со нашите целни групи.



***ЕАПН: Како се случи тоа Фондот на ЕАПН да го поддржи проектот АЛЕН?***
Имплементирање на проекти е за НВО-ата интересно, бидејќи можат да развиваат нови идеи, да вклучат луѓе кои ќе издејствуваат нешта и да предложат препораки на креаторите на политики како да остварат подобар систем. Истовремено, координацијата на проектите може да биде голем предизвик, вклучувајќи ги и финансиите. Финансирањето е распределено во неколку исплати во тек на животот на проектот, а завршниот период, помеѓу крајот на проектот и одобрувањето на конечниот извештај може понекогаш да ја изложи организацијата на финансиска несолвентност. Мора да пронајдат пари да се одржат во овој последен период пред да стигне конечната исплата и да ги покрие сите вложувања. Додадената вредност на сопствениот фонд, како што е Фондот на ЕАПН, е во тоа што овозможува поддршка на нашите членови во такви тешки периоди со доделување позајмици што ќе ги покријат ваквите моменти на финансиска ранливост. Управувачкиот комитет на Фондот на ЕАПН одлучи да даде заем на ЕАПН Унгарија за периодот помеѓу крајот на проектот и последната исплата, за да ѝ овозможи финансиски подобро да ги преброди тие неколку месеци на крајот.

***ЕАПН: Завршен збор за резултатот?***
Специфично обележје на проектот е дека тој е општествен експеримент, што значи дека проценката е повеќе или помалку неговиот најважен дел. Надворешните проценители се вклучени во изборот и оценувањето на 50 млади луѓе и тие ја направија конечната проценка во четирите земји. Лекциите и искуствата, заедно со препораките за политиките, изведени на основа на заклучоците ќе се поделат во извештаите и документите на крајот на проектот.

Проектот АЛЕН е поддржан од Програмата за вработување и социјална солидарност при Европската Унија – ПРОГРЕС (2007-2913) и заемот на Фондот на ЕАПН.
За повеќе информации, посетете ја Фејсбук страницата http://www.facebook.com/alenproject и страницата на проектот www.alenproject.eu .
Можете исто така да го контактирате проектниот менаџер Изабела Мартон marton.iza@hapn.hu

# ЕАПН ХОЛАНДИЈА: Нов почеток

од Кинта Ансем и Џо Ботмер, ЕАПН Холандија

ЕАПН Холандија се оформи во 1990 од локални матични организации и значајно порасна, за да води 350 локални организации. Десет години подоцна, таа постепено пропадна, бидејќи многу од овие организации ја изгубија јавната поддршка. Со свежо изградениот Фонд на ЕАПН, националните мрежи на ЕАПН се сложија да покажат солидарност до холандската мрежа и да ја поддржат финансиски повторно да отпочне со работа. Ова вдиша нов живот во оваа мрежа. Почнувајќи од 2013 година, мрежата е на добар пат, со нови активности и јака волја да израсне во јака организација и да напредува.

***1990: ЕАПН се јавува како јака мрежа на луѓе кои живеат во сиромаштија***

ЕАПН Холандија се појави во 1990 година од локалните матични организации и организации што собираат невработени лица, лица со инвалидитет, бездомни лица и локални услужни совети.[2] Во 90-тите, до 350 локални организации и услужни совети се здружија во ЕАПН Холандија. Мрежата тогаш доби јак глас за заштита на јакиот социјален заштитен систем.

***2000: Почеток на пропаѓањето***

Сепак, во новиот век, кога економијата зајакна и – за среќа – невработеноста опадна, многу организации исчезнаа, бидејќи веќе не беа поддржани од министерствата и фондациите. Така членството на ЕАПН Холандија почна да се намалува и до крајот на деценијата таа стана мала мрежа. Време за повторна изградба...но како, кога ние никогаш не сме имале никаква парична помош. Клучните поединци работеа најсилно што можеа за да ја одржат мрежата на живот, трошејќи и дел од своите приходи за таа цел.

***2012: Фондот на ЕАПН, прилика за втора шанса***

Во 2012 година, новоформираниот Фонд на ЕАПН ни даде шанса за повторно развивање. Имавме одредена сума за нов почеток и почнавме да ја изградуваме нашата мрежа, следејќи ја нашата стратегија и филозофија, дека ЕАПН Холандија треба да створи платформа за луѓето што живеат во сиромаштија и исклученост, нудејќи им можност да бидат слушнати. Се поврзавме со организации и мрежи што беа или основани или управувани од луѓе кои самите живеат во сиромаштија и исклученост. На тој начин, го пробиваме својот пат нагоре. ЕАПН Холандија ќе биде посилна мрежа на крајот на 2013 година и во годините што доаѓаат.

Без поддршката од Фондот на ЕАПН, ќе одевме по работ на клисурата со страв дека ќе паднеме. Тој навистина ѝ даде на мрежата, а со тоа мислам на луѓето кои живеат во сиромаштија и исклученост, втора шанса.

[2] Локалните услужни совети имаа значајна улога во воспоставувањето на холандската ЕАПН мрежа. Тие беа оформени од страна на локалните градски совети, за размена со корисниците на социјалните бенефиции, за тоа кои се нивните потреби и како најдобро да им се излезе во пресрет.

Бевме во можност да започнеме заедничка работна група со *Client Desk Mental Health Patients* и нивната организација “The Black Hole”. Заедно припремивме работилница одржана на 22 март 2013 на тема „Менталното здравје и сиромаштијата, исклученоста и шансата да се учествува“.

Имавме состанок со Фондацијата *Скизл „Младите против малтретирањето (во училиштата)“*. Основачот ќе учествува во годишнава делегација за Европскиот состанок на луѓе кои живеат во сиромаштија. Самиот тој, дете на мајка која живее од социјална помош, бил малтретиран од други деца и тоа е причината што овој осумнаесетгодишник го основал *Скизл*. Сега планираме да организираме работилница или состанок, зависно од буџетот, за малтретирањето во училиштата оваа година.

Присуствувавме на презентацијата на книгата „Модерно ропство во Холандија“. Холандската организација *Fair Work* е заинтересирана за средба со ЕАПН Холандија за да види дали можеме и како да соработуваме во 2013 година.

Организиравме состанок со националната мрежа на услужните совети во установите за грижа. Ја поканивме мрежата да учествува во овогодишната делегација на луѓе кои живеат во сиромаштија и ја разгледуваме можноста да организираме работилница со нив за „Нега и сиромаштија“ во 2013 година.

Бевме присутни на конститутивниот состанок на новата мрежа на услужните совети за граѓанско учество и се сложивме да се сретнеме во првата половина на 2013 (кога ќе се избере нивниот прв управен одбор) за да видиме како можеме да соработуваме.

На крајот на 2012 година, почнавме со изградбата на нова веб-страница на ЕАПН Холандија.

*„Не ќе бевме во можност да го оствариме сево ова без поддршката на Фондот“*, заклучуваат Кинта Ансем и Џо Ботмер.



## Ненасилна акција и моќ на „дисциплинирано пешачење“ за да се предизвика социјална промена

Во октомври 2012 година, Фондот на ЕАПН го финансираше студискиот престој на 2 активисти на ЕАПН, луѓе со директно искуство на сиромаштијата, со поддршка од *Dignity International* и *Екта Паришад,* народно движење кое започна марш на безземјашите, што резултираше со дотогаш невидено постигнување договор со Владата за реформа на земјопоседништвото. Студиската посета се случи веднаш после маршот. Сабрина Емилио, една од двајцата активисти на ЕАПН, дава инспириначки опис за нејзиниот престој.

***Екта Паришад („Unity Forum”), народно движење за воспоставување контрола над средствата за живот***

Екта Пришад е народно движење посветено на принципите на ненасилна акција. Активистите во *Екта Паришад* работат на изградба на управување од страна на заедниците, локална самодостатност и одговорна власт. Целта на *Екта Паришад* е да доживее најсиромашните луѓе во Индија да добијат контрола над средствата за живот, посебно над земјата, водата и шумите.

*Екта Паришад* е федерација на отприлика 11000 организации втемелени во заедниците и има на илјадници членови поединци. *Екта* работи во некои од најмаргинализираните заедници во Индија (племиња, номадски заедници, земјоделски работници, мали и маргинализирани фармери итн.).

На јазикот Хинду, „екта“ значи „единство“, а „паришад“ значи „форум“ или „простор“. *Екта* верува дека корените, селата, се идеалното место на кое треба да се сади семето на

единство и ненасилство, што ќе створи позитивни промени на социјално, политичко и економско ниво.

Во октомври 2012 година, Екта Паришад организираше историски марш со преку 50.000 сиромашни луѓе без имот, почнувајќи го маршот во Гвалилор на 3 октомври. Се планираше да се достигне бројката на 100.000 учесници на маршот пред да се дојде во Делхи на 28 октомври. Но маршот заврши со договор потпишан од индиската Влада за реформа на земјопоседништвото, пред сите учесници на маршот кои дојдоа од различни делови на земјата на 11 октомври. Маршот беше кулминација на 4-годишното планирање со активистите на *Екта Паришад*, поддржани од илјадници други социјални движења и организации.

***Активистите на ЕАПН со директно искуство на сиромаштија се сретнуваат со безимотните луѓе и локалните заедници во Индија***

Фондот на ЕАПН ги поддржа двајцата активисти со директно искуство на сиромаштија за студиска посета на Индија, а таа беше организирана од страна на *Dignity International* и *Екта Паришад*. Додека беа таму, имаа прилика да се сретнат со академиците и националните организатори на движењето на безземјашите и организациите на правна помош. Тие имаа прилика да видат како некои од најмаргинализираните заедници сами се организираат.

Студиската посета се случи токму после маршот на над 50.000 безземјаши што заврши со потпишување договор за реформа на земјопоседништвото со индиската Влада. Енергијата добиена од овој историски марш можеше да се почувствува на средбите со националните активисти и водачите на селските заедници.

***Сабрина Емилио, активист на ЕАПН од Италија, ги споделува своите мисли за нејзиниот престој во Индија***

„Кога стигнав во Индија, веднаш го имав чувството дека сум странец и во друга земја. Надвор беа Адријан и Матју со натпис „Dignity International“ и со насмевка за добредојде. Делхи беше во метеж од коли, постојаниот звук на сирени, бесмислено возење, барем за мое чувство, но како сите да беа во договор каде да се оди, дури и кучињата, кравите и мајмуните.

Студискиот престој се состоеше во напнати денови живеење на страшни места, но имаше нешто во земјата и луѓето што даваше енергија и секој момент стануваше уникатен и полн со живот. Имавме неброено многу средби со луѓе учесници во менувањето на нивниот систем и животот на голем број луѓе. Беше видливо дека организациите се изградени на долги години на дисциплиниран развој, градејќи и соочувајќи се со антички закони и систем што го вклучува комплексниот систем на касти. Овој процес ги собра сите, апсолутно сите (вклучувајќи ги и децата и бебињата). Ова беше посебно очигледно кога ги посетивме селските заедници, каде што се изненадивме од водечките способности на младите девојки и момчиња, како и децата и бебињата кои седат слушајќи ги долгите дискусии. Беше јасно дека жените ја играат главната улога во движењето и во акцијата на „отпор“.

*Екта Паришад* е организација во која ако еден е член, целото семејство е член и секој член мора да ја преземе својата одговорност за изградба на организацијата за позитивна промена. Верување во ненасилство е заедничката врска за сите членови. Тоа беше значаен дел од посетата, да се научи повеќе за ненасилната акција и моќта на „дисциплинирано пешачење“ за да се предизвика социјална промена.

При мојот повраток во Италија понесов некои нематеријални подароци кои можат да ме одржат во мојот сопствен активизам. Вербата во вредноста на слушањето и дијалогот на сите нивоа (локално, регионално, национално), процесот е постојан и постепен, секој со некоја своја енергија, сепак без заборавање дека јас припаѓам на поопштата борба за човечко достоинство насекаде; потребата да се види едноставноста и убавината на секојдневниот живот, свест дека она што влијае на нашите одлуки не е само минатото или сегашноста, туку и нашите желби и сништа за иднината.

Секој со кого зборував за Индија, прикажуваше за екстремно сиромашна земја. Веројатно според некои од значењата што му се даваат на поимот сиромашно, Индија е сиромашна земја, но истовремено Индија која јас ја запознав е многу богата земја, богата со луѓе кои ги ценат работите што не се купуваат со пари.“

## Награда на ЕАПН за транснационална инспирација и учење

**ФОНД НА ЕАПН**
**Управуван од *Фондацијата King Baudouin***

За да ја поддржи работата на ЕАПН и на нејзините членови и да го зајакне директното учество на луѓето што живеат во сиромаштија, Фондот на ЕАПН ја спонзорира *Наградата на ЕАПН за транснационална инспирација и учење* во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост. Оваа награда ќе се доделува секоја втора година, почнувајќи од 2013 година. Таа ќе фрли светло на НВО-ата и ентитетите на јавниот сектор, кои имаат иницирано нови пристапи во борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост, вклучувајќи директно учество на луѓето кои живеат во сиромаштија.

***Наградување на транснационалното учење и директното учество***
Многу НВО-а и ентитети на јавниот сектор иницирале позитивни пристапи за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост, вклучувајќи директно учество на луѓе кои живеат во сиромаштија, а и многу НВО-а биле инспирација за ентитетите на јавниот сектор и обратно, на локално, национално и транснационално ниво.

За да даде поддршка и да пружи видливост на овие напори на НВО-ата и ентитетите на јавниот сектор и за да демонстрира додадена вредност на транснационалната размена,

Фондот на ЕАПН дава финансиска поддршка преку *Наградата на ЕАПН*. Наградата е признание на пристапите, проектите, применувајќи и транснационално учење и директно учество на луѓе кои живеат во сиромаштија.

***Наградување во парови***

Инспирацијата значи две страни: едниот го инспирира другиот. *Наградата на ЕАПН* ги препознава ентитетите во пар, односно и ентитетот што презема нова иницијатива и ентитетот што дава инспирација. Бидејќи ЕАПН е Европска мрежа за борба против сиромаштијата, НВО-ата и јавниот сектор за наградата треба да извршиле акција за борба против сиромаштијата во Европа, но организацијата што била инспирацијата за акцијата може да е сместена било каде во светот.

***Конкретно кажано?***

**Три пара на НВО-а ќе бидат признаени под категоријата НВО.** Наградата за НВО ќе се состои од симболична награда од 1500 € за организацијата-победничка, што презема нова иницијатива, а 1000 € за организацијата што послужила како инспирација. Двата пара организации на второ и трето место ќе примат по 500 €, за секоја од НВО-ата што преземаат иницијатива и секоја што послужила како инспирација.

**На три ентитети на јавниот сектор** и ентитетите што ги инспирирале нивните акции / политики / пристапи ќе им се додели сертификат.

***Како можам да учествувам?***

Првото издание на *Наградата на ЕАПН* ќе се случи во Септември 2013 година.

**НВО-ата и јавните ентитети на различни нивоа** се поканети да поднесат пријава. За да се осигура транспарентност и еднаков третман, директните членови на ЕАПН (националните мрежи и европските организации) не можат да поднесат пријава за Наградата. Меѓутоа, нивните членови можат.

Независен одбор за селекција, назначен од Управниот комитет на Фондот, ќе ги испита сите пријави и ќе ја додели наградата. ЕАПН ќе ги информира сите пријавени за резултатот.

Сите победници ќе бидат вклучени во изданието на ЕАПН, споделувајќи ја добрата пракса на нивните иницијативи и истакнувајќи ја вредноста на транснационалната инспирација и учење. Тие ќе бидат спомнати и на веб-страницата посветена на Фондот, заедно со другите пријавени на www.eapn.eu

**Критериуми за наградување**

- Влијанието на борбата против сиромаштијата и социјалната исклученост на новата активност / политика / пристап инспирирана од транснационално учење.
- Размерот до кој транснационалното учење и/или новата активност / политика / пристап го негувало учеството на луѓе што живеат во сиромаштија и социјална исклученост.
- Размерот до кој кандидатот може да го покаже влијанието на транснационалната инспирација и учење во новата усвоена активност / политика / пристап.
- Размерот до кој транснационалното учење инспирирало креативност.

**ПОДДРЖИ ЈА БОРБАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЕВРОПА БЕЗ СИРОМАШТИЈА!**

*Информациите поврзани со Наградата на ЕАПН се наоѓаат на веб-страницата на ЕАПН тука:* http://www.eapn.eu/en/who-we-are/eapn-fund-s-bienial-prize-for-transnational-inspiration-and-learning-in-the-fight-against-poverty-and-social-exclusion-2

*За прашања поврзани со Фондот на ЕАПН или со процесот на пријавување за наградата, Ве молиме контактирајте ја* tanya.basarab@eapn.eu

**ДОНИРАЈ ВО ФОНДОТ НА ЕАПН**

Донирајќи во ЕАПН,

Поддржуваш проекти и активности за борба против

и

Ги поддржуваш луѓето кои живеат во сиромаштија, да се слушне нивниот глас во политиките што влијаат на нивните животи.

Може да се донира на сметката на Фондацијата King Baudouin, Rue Brederodestraat 21, 1000 Brussels, Белгија

Сметка бр. 000-0000004-04, Iban BE10 0000 0000 0404 – BIC: BPTOTBEB1
(Banque de la Poste Rue de Colonies (P28), 1000 Bruxelles), Назнака: S20750-EAPN Fund.

Донаторите имаат можност да ја користат мрежата Transnational Giving Europe (TGE) или Фондацијата King Baudouin United States за прекугранични донации за поддршка на Фондот, ако се жители на една од TGE земјите или даночни обврзници во САД.

Види ја веб-страната:
www.eapn.eu/en/who-are-we/support-eapn/support-eapn-fund

